Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот запознавање на околината за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
АУТИЗАМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

## II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ја прошири и утврди претставата за себе и деловите на своето тело;
- да ја прошири и утврди свеста за себе во групата и односите во неа;
- да стекне претстава за развојните периоди во текот на животот и д а ги споредува;
- да ги запознае правилата на заедничката комуникација/живеење на училиште и во домот;
- да ги прошири знаењата и познавањата на своето училиште;
- да го запознае и усвои патот од училиштето до дома и обратно;
- да ги прошири знаењата за својата училница и однесувањето во неа;
- да стекне претстава и да научи како се празнуваат и одбележуваат најважните верски празници и поважни датуми во учебната година;
- да го прошири познавањето на „жителите" во својот дом и да ги запознае своите блиски роднини и врската помеѓу нив;
- да го прошири знаењето за просториите во домот, предметите, електрични апарати и безбедноста во ракувањето со нив;
- да научи да одржува хигиена во домот;
- да ги прошири и усвои знаењата за растенијата и животните (поделба, карактеристики, именување, разликување);
- да ги прошири и усвои своите знаења за промените и појавите во природата (карактеристики, именување, разликување, поделба);
- да ги знае и разликува годишните времиња;
- да знае да истражува со основните материјали од природата (карактеристиките и односот помеѓу нив);
- да ги научи основните постапки за движење на безбедни места;
- да ги научи најважните собраќајни знаци и безбедното поминување преку улица;
- да развива чувство на припадност кон својата татковина;
- да се ориентира и снаоѓа во просторот и времето;
- да знае да користи ИКТ при усвојувањето на другите содржини.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

**ТЕМА: ЈАС И ДРУГИТЕ (ориентационо 15 часа)**

| Цели | Содржина | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да добие претстава за своето тело и неговите делови;<br>- да се поттикнува да развива способности за набљудување, споредување и заклучување;<br>- да стекне претстава за деловите на телото на друг;<br>- да стекне претстава за останатите физички карактеристики на луѓето;<br>- да се придржува кон насочувањата и извршувањата на налозите од наставникот;<br>- да се поттикнува да ја развива самодовербата;<br>- да се стимулира да ја развива самостојноста при работата;<br>- да воочува разлики и сличности меѓу себе и другите;<br>- да се поттикнува да ги почитува другите (во ситуација на игра);<br>- да се оспособува да решава конфликти (со мала помош на возрасните); | Кој сум јас | - Дете, глава, коса, раце, нозе, очи, уста, нос (повторување)<br>- Висок / низок<br>- Слаб / дебел<br>- Црн / бел | - Игри пред огледало (покажување на деловите од телото и сл.).<br>- Покажување на делови од телото на друга личност.<br>- Вежби: реди делови од телото на шаблон.<br>- Пеење детски песни со анимација на деловите на телото.<br>- Манипулација со деловите од телото (бришење-додавање-разместување) со користење ИКТ.<br>- Правење фигури на човек со промена на висината (висок-низок), на дебелината (дебел-слаб), на тенот и бојата на косата (бел-црн).<br>- Боење одредени делови од телото-главата (нос, очи, уста) со различни бои. |
| | Јас со другите | - Другарче<br>- Лични имиња на другите<br>- Голем<br>- Мал<br>- Женско<br>- Машко<br>- Боја (повторување)<br>- Заедно<br>- Пар<br>- Сам | - Симулации, драматизации, социјални игри (за толеранција, игри за доверба, по улоги).<br>- Игри: формирање парови кои играат игра (имаат иста цел кон која се стремат).<br>- Пренесување предмети со здружени сили од неколку ученици.<br>- Се споредува со другарите, на конкретен план-наоѓа разлики во големина, боја на облека, пол и др.).<br>- Активности по избор во парови од ист и/или различен пол.<br>- Игри: секој сам игра омилена игра. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги спознава карактеристиките кај луѓето во различни периоди од животот (старост-младост);<br>- да разликува старо, возрасно и младо лице;<br>- да ги распознава основните особини на младите, зрелите и старите;<br>- да умее да ги имитира младите, зрелите и старите лица;<br>- да ја сфати функцијата на правилата за заедничко живеење;<br>- да учествува во донесувањето на правилата на однесување во училиштето;<br>- да стекне претстава што е дозволено, а што не е дозволено да се прави;<br>- да ги применува правилата во училиштето и во сопствениот дом;<br>- да се поттикнува да ги почитува правилата на однесување. | Деца, возрасни и стари лица<br><br>Правила на заедничко живеење (дом) | - Млад,<br>- Татко-мајка*<br>- Стар<br>*(Напомена: учениците со аутизам периодот на зрелост го именуваат како период на татко или мајка. Кога прашуваме за кое било возрасно лице: Што е тој? учениците со аутизам одговараат Тој е татко, таа е мајка.<br><br>- Правила во одделението<br>- Правила во семејството/домот | Разгледува фотографии на своето семејство (мајка, татко, баба, дедо во различни периоди од животот (стар-млад).<br>- Имитира стар (дедо), млад (дете) и зрел (татко).<br>- Трансформација со маска како: дедо, дете, зрел (татко, мајка).<br>- Доцртува детали на недовршени цртежи: дедо, дете, татко, мајка, баба и др.<br><br>Разговори и демонстрација на правилата во некоја игра.<br>- Именување на правила во одделението (нацртани на картичка) пр.„Не викај"(дете што вика-прецртано); „Не фрлај"(дете што фрла-прецртано);<br>- Именување на правила во домот, пр.„Не фаќај" (дете што фаќа нешто - прецртано).<br>- Ги црта/бои картичките за правилата за однесување. |

| **ТЕМА: ЈАС ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ (ориентационо 15 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ја препознава училишната зграда во потесната околина;<br>- да ја запознае својата училишна средина;<br>- да се поттикнува внимателно и | Моето училиште | - Нашето училиште<br>- Учител/ка<br>- Училиштен двор (повторување)<br>- До дома<br>- До училиште | - Прошетка со учениците во околината на училиштето и набљудување на училишната зграда од сите страни.<br>- Прошетка на учениците низ училиштето, покажување и разгледување на училишните простории и објаснување за што служи секоја од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| безбедно да се движи во училиштето и училишниот двор;<br>- да стекне претстава за пространоста (содржините и нивниот распоред) на училишниот двор;<br>- да се поттикнува да го научи патот од училиште до дома и обратно;<br>- да знае да ги именува објектите по патот од дома до училиште;<br>- да ги препознава сите простории во училишната зграда;<br>- да стекне претстава за функцијата за сите функционални катчиња во училницата;<br>- да ги именува просториите (трпезарија, кујна и др.);<br>- да знае да импровизира активности кои се одвиваат во трпезарија, кујна и сл.;<br>- да се оспособува правилно да се ориентира во училиштето;<br>- да ги знае луѓето/учениците што работат/учат во училиштето;<br>- да стекне чувство за присуството на други ученици во училиштето;<br>- да се стимулира да создаде другарски однос со учениците од другите паралелки;<br>- да се се стимулира да ги надминува стереотипиите и стравот од другите; | | - Играчки<br>- Тука<br>- Таму (повторување)<br>- Маса<br>- Столче<br>- Компјутер<br><br>- Ограда<br>- Тоалет<br>- Кујна (повторување)<br>- Парк<br>- Прибор за јадење<br>- Тоалет (средства за одржување на хигиената)<br><br>- Каде е<br>- Таму е<br>- Учител/ка<br>- Готвач<br>- Хигиеничарка (повторување)<br>- Ние<br>- Тие | нив.<br>- Цртање/боење на училишната зграда и дворот.<br>- Цртање на мапа: патот од дома до училиште и обратно.<br>- Практични вежби: поминување на патот од дома до училиште и обратно со имануване на објектите кои се среќаваат по патот.<br>- Користење на ИКТ за цртање и боење на училишната зграда и простории.<br><br>- Уредување на училницата, катчињата, запознавање со играчките и други средства.<br>- Игра: ставање на предметите и играчките на соодветно место.<br>- Вежби: именување на добие налог на организационите катчиња во училницата (трпезарија, место за цртање, за пишување/читање и др.).<br>- Запознавање со местото каде се остава и се чува опремата, средствата и материјалите.<br><br>- Прошетка и движење во училишниот двор (во текот на прошетката се движи покрај оградата и истата ја допира.<br>- Цртање и боење на училишниот парк.<br>- Игра со макета на училишниот парк (со деца, животни, играчки и др.).<br>- Именување на приборот за јадење.<br>- Трчање во училишниот двор од едниот до |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја препознава својата училница;<br>- да се придржува на визуелно-организационата структура во училницата*;<br>- да се придржува на структуралната организираност на средствата и материјалите во наставата*;<br>- да го препознава своето место во училницата;<br>- да го прошири сознанијата за функцијата на катчињата во училницата;<br>- да се придржува на структурата на распоредот и активностите во текот на денот и работната недела;<br>- да се поттикнува да го именува и правилно да го користи училишниот | Мојата училница*<br>(Напомена: учениците со аутизам мора да имаат визуелно и просторно структурирана училница, бидејќи тие учат на искуствено ниво е поврзано со местото на активноста).<br><br>(Напомена: Во наставата со учениците со аутизам, средствата и материјалите за работа се поделени според обликот, бојата и местото од каде се земаат и каде се оставаат - неопходно е учениците да ги усвојат и | - Нашата училница<br>- Тука<br>- Таму<br>- Пишуваме<br>- Цртаме<br>- Јадеме<br>(повторување)<br>- На табла<br>- На компјутер<br>- Со играчките<br><br>- Сега<br>- После<br>- Вчера<br>- Денес<br>- Утре<br>(повторување)<br>- Наутро<br>- Навечер<br>- Украси<br>- Пееме<br>- Играме<br><br>Празници:<br>- Божиќ<br>- Нова година<br>- Бајрам<br>- 8 Септември | другиот крај.<br><br>- Прошетка низ просториите во училиштето, запознавање со нивната содржина и активностите што се одвиваат во нив (училници, тоалет, кујна и др.).<br>- Именување на просториите во училиштето.<br>- Игра:„Криенка" или барање скриен предмет во училницата/ училиштето.<br>- Заедничка активности - игри и размена на учениците со другите вработени.<br>- Вежби за ориентирање во училиштето, со знаци и именување.<br>- Заеднички активности на две или повеќе (паралелки).<br><br>- Активности: запознавање со училницата.<br>- Вежби: заедничко обележување на училницата.<br>- Вежбање со именување на активностите на учениците според визуелно-организационата структура во училницата* .<br>- Практични вежби и активности во функција на продлабочување на искуството во рамките на познати катчиња во училницата.<br><br>- Активности поврзани со распоредот (дневен и неделен).<br>- Шематско редење (со картончиња за активностите (во училиште и дома).<br>- Боење на илустрација која прикажува активност што се одвива во различни временски периоди (сега-црвена, после-зелена и сл.).<br>- Истражува со училишниот прибор и истиот го |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прибор;<br>- да се стимулира потребата за естетско средување и украсување на училницата;<br>- да се поттикне да земе учество во некои училишни приредби;<br>- да се воведува во надминување на стереотипиите стравот од другите;<br>- да ги запознава празниците поврзани со верската и државната традиција и поважните периоди од годината;<br>- да се поттикнува за учество во прославите;<br>- да се поттикнува да се чувствува пријатно при празнување на празници. | „автоматизираат'' спомнатите активности).<br><br>Празнување<br>- Значајни периоди во текот на годината | - Велигден<br>- Почеток на учебната година<br>- Крај на учебната година<br>- Запознавање со ликот на патронот | именува.<br>- Заедничко украсување на училишните простории;<br>- Импровизиација: „Училиштна приредба''.<br>- Слободни социјални групни игри и активности.<br>- Целно нагласена соодветна илустрација, импровизација, драматизација за секој празник (во кои се содржани сите пропратни обележја - средства, временски услови-појави, активности и сл.).<br>- Разгледување илустрации и прикази за сите значајни периоди во текот на годината, боење на боенки со таа тематика.<br>- Заедничко одбележување на значајните државни и верски празници, изработка на календар на празници (со илустрации)..<br>- Гледање играни и цртани филмови со спомнатата тематика. |

| **ТЕМА: ЈАС ВО МОЈОТ ДОМ (ориентационо 24 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да го препознава патот до својот дом;<br>- да ја препознава зградата/куќата во која живее;<br>-да стекне претстава за пространоста на дворот пред својата зграда/куќа;<br>- да ги почитува блиските во семејството и да развива чувство на | Мојот дом | - Дом<br>- Семејство<br>- Членови<br>- Прослави<br>- Броење<br>- Двор<br>- Простории во домот | - Разгледување на фотографии од својата зграда/куќа.<br>- Цртање: „Мојата куќа".<br>- Користење на ИКТ за боење на својот дом.<br>- Разгледува семејни албуми, препознавање, именување и броење на членовите на семејството.<br>- Разгледување фотографии од заеднички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| припадност кон семејството;<br>- да ги знае начините на користење на слободното време во семејството;<br>- да стекне претстава за поимот роднини;<br>- да ги запознае и именува роднините;<br>- да стекне претстава за основните релации во семејството и роднините (брат, сестра, мајка, татко) и останати роднини;<br>- да ги знае и именува сите простории во својот дом;<br>- да ги знае функциите и намената на сите простории во својот дом; | | (повторување)<br>- Брат<br>- Сестра<br>- Мајка<br>- Татко<br>- Роднини (вујко, вујна, чичко, стрина, тетин, тетка, братучед/братучет-ка), | моменти на семејството: излети, годишни одмори, родендени и др.<br>- Рагледување илустрации на различни простории од домот и нивно именување.<br>- Игри: „Во купатило", „ Во кујна", „ Во детска соба" и др.<br>- Изработка на албум на просториите во домот и нивно именување.<br>- Цртање на омилена просторија во домот.<br>- Именување на роднините прикажани на фотографии.<br>- Графичко поврзување (кој кому е брат, сестра, татко, мајка и сл. |
| - да стекне чувство за постоењето на сопствената соба/катче во домот;<br>- да стекне јасна претстава за активностите што може да ги прави во својата соба; | Мојата соба | - Мојата соба<br>- Предмети во мојата соба (повторување)<br>- Активности | - Илустрации на детска соба со сите елементи во неа (именување).<br>- Цртање:„Мојата соба"<br>- Разгледување фотографии од детската соба.<br>- Игри: симулација средување на училницата како детска соба.<br>- Игра: симулација -средување на разместени работи од детската соба.<br>- Лепење картички на кои се претставени активности на соодветните места во сопствената детска соба.<br>- Користење на ИКТ за различно „дизајнирање" на својата соба. |
| - да ги знае елементите и намената на тоалетот/бањата;<br>- да ги запознае средствата за капење и начинот на нивната употреба;<br>- да стекне навика за редовно и | Во бањата<br>- капење | - Бања<br>- Елементи во бања<br>- Миење | - Илустрации на тоалет со сите елементи во него (именување).<br>- Користење на ИКТ за „боење" на елементите во тоалетот.<br>- Именување на стредствата за капење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| правилно одржување на личната хигиена. | | - Капење (повторување)<br>- Средства за капење<br>- Сапун<br>- Шампон<br>- Сунѓер<br>- Туш<br>- Вода | - Импровизација со други предмети како средства за капење.<br>- Манипулација со играчки (елементи од бања) цртање<br>- Цртање:„Бања”<br>- Импровизација: „капење”.<br>- Разгледување фотографии од бањата.<br>- Вежбање конкретни постаки од бањата. |
| - да ги знае и именува елементите, приборот во кујната и нивната намена;<br>- да го знае и именува приборот за јадење и неговата намена;<br>- да ги знае основните видови хранливи продукти;<br>- да ги знае основните правила за културно однесување при јконсумирањето на храната;<br>- да знае одредена храна како се јаде;<br>- да се оспособи за правилно (културно) однесување на трпеза и постепено да се осамостојува при јадењето; | Кујна и трпезарија<br>- Храна и исхрана | - Кујна<br>- Елементи во кујната<br>- Готвење<br>- Прибор за јадење<br>- Трпезарија<br>- Јадење (повторување)<br>- Пиење<br>- Леб<br>- Млеко<br>- Месо<br>- Храна (видови) | - Игра: „Во кујна”.<br>- Активности: манипулира со играчки (елементи од кујна).<br>- Разгледување каталози со елементи за кујна.<br>- Спарување на елементи во кујната.<br>- Симулација: готвење, миење садови.<br>- Симулација: „Појадок”.<br>- Манипулација со прибор за јадење (именување).<br>- Активности: правилно „држење'' на телото при јадење (на маса во трпезарија).<br>- Цртање: елементи од кујна, прибор за јадење, трпезарија.<br>- Поврзување на картички со видови на храна и основни начини на нејзина подготовка (се пржи, се вари, се пече, се јаде во свежа состојба);<br>- Симулација: како се јаде одредена храна (со лажица, виљушка, се пие (чаша), се сече, не се сече и сл.) |
| - да ја знае намената на електричните апарати во домот и безбедното ракување со нив;<br>- да ги препознава изворите на | Безбедност во домот и електрични апарати | - Електрични апарати<br>- Изгореници<br>- Поплава | - Манипулација со играчки (електрични апарати).<br>- Импровизација со употреба на гест и мимика за презентирање на опасна ситуација при користење на апарати во домот: опекување, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| опасност во домот;<br>- правилно и безбедно да се однесува на терасата; | | - Пожар;<br>- Тераса;<br>(повторување) | поплава, пожар, струен удар и сл.<br>- Активности: практично повикување на специфичниот телефонски број со соодветната ситуација (пожар, болест, опасност, кражба, сообраќајна незгода и сл.).<br>- Активности: обележување на слики на кои се претставени начини на правилно и/или на неправилно користење на електричните апарати.<br>- Активности: безбедно престојување на тераса/балкон.<br>- Импровизација: со гест и мимика се презентира опасна ситуација при неправилно однесување на тераса.<br>- Активности: обележување на слики на кои се претставени начини на правилно и неправилно однесување на тераса.<br>- Цртање: електрични апарати во домот. |
| - да ги препознава и именува деловите на телото;<br>- да ги знае, препознава и именува деловите од облеката;<br>- да се оспособи за самостојно облекување и соблекување;<br>- да се оспособи за самостојно обување и собување на обувките;<br>- да се оспособи за самостојно закопчување и откопчување на облеката;<br>- да се оспособи да ја одржува облеката чиста;<br>- да се запознае со основните средства | Мојата облека и обувки<br>- закокпчување<br>- откопчување<br>- перење | - Деловите на моето тело<br>- Делови од облеката<br>- Обувки<br>- Облекување<br>- Соблекување<br>- Обување-собување<br>(повторување)<br>- Закопчување<br>- Откопчување<br>(копчиња, патент, лепенки, нитни..)<br>- Чистење (перење) | - Игри пред огледало (покажување на деловите од телото и сл.).<br>- Именување на деловите на телото.<br>- Практично разликување и именување на делови од облеката (капа, долна облека, блуза, панталони, чевли и др.).<br>- Разликување на делови од облеката: илустрација.<br>- Практични вежби: разликување на видовите обувки (влечки, чизми, чевли и др.).<br>- Практични вежби: разликување „чиста од нечиста облека”.<br>- Вежби за самостојно облекување и соблекување на делови од облеката. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и постапки за перење на облеката; | | на облеката) | - Вежби за самостојно обување и собување.<br>- Вежби за самостојно закопчување-откопчување на облеката.<br>- Основни средства и постапки за перење (импровизација).<br>- Практични вежби: „средување'' на облеката и обувките.<br>- Цртање: делови од облека и обувки. |
| - да се оспособи да одржува хигиена во домот;<br>- да ги усвои и применува хигиенските навики (миење раце, лице, врат, заби);<br>- да се оспособи за правилна употреба на приборот за одржување на личната хигиена;<br>- да се запознае со основните средства за чистење;<br>- да се оспособи за користење на елементарните средства и постапки при чистење;<br>- да се придржува на ритмот на активностите во домот во текот на денот/неделата; | Чисто и нечисто | - Чиста и нечиста средина<br>- Чистење на просторија<br>- Лична хигиена<br>- Тоалетен прибор (повторување)<br>- Средства за чистење (четка, крпа, метла, сунѓер и др.) | - Практични активности: разликување: „чиста од нечиста средина".<br>- Практични активности: „Чистење на просторијата".<br>- Чистење на својата соба.<br>- Практично користење на средствата за чистење.<br>- Практична демонстрација на постапки за правилно одржување за личната хигиена.<br>- Активности: именување и користење на секој елемент од сопствениот прибор: за одржување лична хигиена (четка за заби, сапун, паста за заби, чешел, крпа за лице, крпа за раце и сл.).<br>- Цртање: елементи од тоалетниот прибор. |

| ТЕМА: ЈАС И ПРИРОДАТА (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да знае некои растенија и животни;<br>- да стекне сознанија дека во природата живеат различни растенија;<br>- да стекне основни сознанија за растенијата и нивното значење за човекот;<br>- да стекне претстава како се садат, растат и развиваат растенијата;<br>- да препознава, именува одредени растителни плодови;<br>- да препознава и именува овошје и зеленчук;<br>- да се запознава со некои карактеристики на домашните животни;<br>- да се запознава со некои карактеристики на дивите животни;<br>- да разликува домашни и диви животни;<br>- да се поттикнува на одговорен однос кон домашните миленичиња;<br>- да се поттикнува да развива љубов кон животните; | Растенија<br><br>Животни | - Растенија<br>- Овошје<br>- Зеленчук<br>- Домашни животни (повторување)<br>- Диви животни | - Набљудување, именување и набројување растенија и животни во блиската околина.<br>- Набљудување дрвја и собирање плодови.<br>- Сечење на фотографии на растителни плодови од списанија.<br>- Јадење на овошни плодови.<br>- Илустрација: овошни плодови.<br>- Истражувачки активности за набљудување на овошјето во овошната градина (боја, големина, мирис, вкус), истражувачки активности (што ќе се случи: ако плодот се стави во топла-ладна вода, кога ќе се пресече на половина).<br>- Илустрација: зеленчукови плодови.<br>- Истражувачки активности за набљудување на зеленчукова градина, истражување на особините на зеленчукот (големина, форма, боја, вкус, мирис, кој зеленчук се јаде свеж, зготвен).<br>- Цртање: овошни и зеленчукови плодови.<br>- Прошетка, набљудување на цветна градина, поле, ливада, шума и набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина. Сади и одгледува украсни цветни растенија, во сандачиња, саксии и градина во дворот на училиштето.<br>- Садење и одгледување на растенија од семе.<br>- Илустрација: домашни животни.<br>- Сечење на фотографии/цртежи на домашни животни од списанија.<br>- Имитација на звуци кои ги произведуваат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | домашните животни<br>- Именување на домашни животни и миленичиња.<br>- Цртање: домашни животни.<br>- Цртање: диви животни.<br>- Посета на фарма; гледање филм за животот на животните, разгледување на слики, сликовници, енциклопедии за домашни и диви животни; читање басни, гатанки, правење на албуми, примена на ИКТ. |
| - да се запознава со некои промени и појави во природата во рамките на одредени годишни времиња;<br>- да стекне претстава за временски периоди: ден и ноќ;<br>- да ги поврзува појавите во природата со емоционалните состојби;<br>- да ги распознава омилените и неомилените појави; | Појави во природата | - Сончево<br>- Облачно<br>- Дожд<br>- Снежно<br>- Грмежливо<br>- Ден-ноќ<br>- Наутро-навечер<br>- Зимзелени дрвја<br>- Листопадни дрвја | - Набљудување на некои појави во природата (сонце, облак, дожд, снег, ветар.).<br>- Именување појави во природата според илустрации.<br>- Илустрација на одделни појави.<br>- Цртање: дожд,сонце, облак.<br>- Сечење: сонце, облак,..од списанија.<br>- Драматизација:„Ние на дожд, сонце, ветар”.<br>- Игра: „Ноќ-ден”, преку: светлосни промени, сокривање на очи, боја...<br>- Поврзување на појавите со изразот на лицето на човечето “smiley”.<br>  |
| - да разликува и именува зимзелени и листопадни дрвја;<br>- да ги научи основните особини на зимзелените и листопадните дрвја;<br>- да стекне претстава со потеклото на | Зимзелени и листопадни дрвја | | - Набљудување на блиската околина во различни годишни времиња; согледување на сличности и разлики помеѓу зимзелените и листопадните дрвја, илустрирање.<br>- Набљудување на зимзелени (зелени) и листопадни (жолти) шуми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| имињата на зимзелените и листопадните дрвја;<br><br>- да ги распознава промените во природата според годишните времиња;<br>- да ги разликува годишните времиња помеѓу себе;<br>- да знае која облека се носи во одредено годишно време;<br>- да ги поврзува годишните времиња со емоционалните состојби;<br>- да ги распознава омилените и неомилените годишни времиња. | - Промени во природата<br>-Годишни времиња | - Годишни времиња<br>- Пролет<br>- Лето<br>- Есен<br>- Зима | - Цртање: зимзелени и листопадни дрвја.<br>- Собирање и лепење лисја на зимзелени и листопадни дрвја.<br>- Практично истражување на зимзелените и листопадните дрвја (сечење, горење, допирање).<br>- Илустративно врзување за боја на дрвјата (зимзелени-зелена), (листопадни-жолта).<br>- Илустративно постапно објаснување на содржината на имињата на зимзелените и листопадните дрвја.<br>- Откривање на позначајните одлики на годишните времиња (есен, зима, пролет, лето); воочување на промените во природата (сончево, топло, врнежливо, облачно).<br>- Како се облекуваме во различно годишно време-илустрација.<br>- Цртање на секое годишно време.<br>- Поврзување на годишното време со облеката која ја носиме тогаш:<br><br>- Поврзување на секое годишно време со „smiley”. |

**ТЕМА: ЈАС ИСТРАЖУВАМ (ориентационо 12 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги открива и запознава својства-та на различните материјали (хартија, ткаенина, песок, природни материјали), да препознава материјали со допир (мазно, рапаво);<br>- да ги запознае карактеристиките на одредени материјали;<br>- да стекне претстава за начинот и местото на можното наоѓање на материјалите; | -Запознавање со материјалите: хартија, ткаенина, дрво, песок, природни материјали | Материјали:<br>Хартија,<br>Ткаенина,<br>Песок,<br>Природни материјали | - Истражувачки игри со различни материјали кои можат да се виткаат, обликуваат, прават фигури, оригами, слики, кукли, честитки, комбинираат различни материјали во една целина.<br>- Практично комбинирање на материјалите и манипулација на ниво на игра со истовремено користење на повеќе од нив (топење во вода, пишување по нив, кинење, сечење и сл.).<br>- Собирање (наоѓање на материјалите). |
| - да ги открива и запознава својства-та на водата;<br>- да развива свест за значењето на водата;<br>- да стекне претстава за можноста за пиење само на чистата вода;<br>- да стекне искуство при комбинирање на материјалите со вода;<br>- да стекне искуство за тактилитет при манипулација со вода; | -Вода | -Впивање,<br>-Пливање,<br>-Тонење,<br>-Загадена вода,<br>-Незагадена вода | - Истражувачки игри - Откривање на својствата на водата (боја, мирис, допир, звук).<br>– Мешање на водата - комбинирање со други материјали (текстил, сунѓер, боја во прав, камен, дрво, железо, песок и др.).<br>- Истражување како се загадува водата. |
| - да ги открива и запознава својства-та на воздухот;<br>- да развива свест за значењето на чистиот воздух;<br>- да стекне претстава за карактеристиките на воздухот;<br>- да стекне претстава за силата за придвижување што ја има воздухот; | -Воздух | - Воздух:<br>- Дишење<br>- Чист воздух<br>- Дување | - Истражувачки игри - откривање на својствата на воздухот (боја, мирис, тежина, притисок), движење на воздухот - ветер, изработка на вртелешка од хартија.<br>- Истражување: Како се загадува воздухот? Како му се менува бојата?<br>- Дување балон и испуштање на воздухот.<br>- Дување/лулање на пердув, топче за пинг-понг и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | др.<br>- Правење „ветар'' со ладалка.<br>- Практично: промена на бојата на воздухот во провиден балон со прав од креда.<br>- Игри со механички играчки на принцип на ветерна сила. |
| - да ги открие изворите на светлина;<br>- да стекне претстава дека светлоста/темнината можеме да ја контролираме со пуштање и гаснење на електричен извор на струја;<br>- да стекне претстава дека секое тело/предмет изложено на светлост има сенка; | -Светлина | Светлина<br>Темнина<br>Сенка | - Истражувачки игри - Истражување на својствата на светлината (извори на светлина), бојата на светлината, пропуштање на светлината низ различни предмети.<br>- Создавање светлина од батериска ламба, свеќа, сијалица, ласерско светло и др.<br>- Практично: светни/угаси.<br>- Создавање сенки на различни предмети. |
| - да развива способност за обликување на различни материјали и нивното комбинирање;<br>- да се запознае со начинот на кој употребената амбалажа или предмет можат да се искористат;<br>- да развива свест за правилно искористување на материјалите. | -Го менувам светот | Употребен материјал<br>Кутии<br>Украсни предмети | -Разгледување на различен употребен материјал, негово комбинирање: правење на честитки, украси, кукли, играчки , маски;.<br>- Изработки на разни предмети од кутии, стари весници, пластични чашки, корпи од јајца, фолија, кутија од тетрапак и др.<br>- Изработки од разни видови на коноп, волница, стари ЦД, видео - ленти, филмови, стиропор и др. |

| ТЕМА: ЈАС ВО СООБРАЌАЈОТ (ориентационо 15 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознава со сообраќајот од домот до училиштето;<br>- да ги запознае местата каде е дозволено да се игра и како се обележани со користење на сообраќајни знаци и сигнали;<br>- да ја запознае улогата на светлосната сигнализација на семафорот;<br>- да ја разбира улогата на сообраќајниот полицаец во регулирањето на сообраќајот; | -Како се однесувам во сообраќајот | | - Илустрација и драматизација: сообраќајот во непосредната околина, симулација на движења; игри со користење на детски играчки-сообраќајни средства, изработени од картон, готови изработки и др.<br>- Запознавање на патот од дома до училиште и набројување на објектите кој секојдневно ги гледа (набљудување на сообраќајот).<br>- Симулирање опасни ситуации во собраќајот.<br>- Играње на места обележани со сообраќаен знак.<br>- Вежби: правила за безбедно преминување преку улица.<br>- Симулирање на движења во училишниот двор, игри со употреба на сирени, труби и др..<br>- Набљудување на семафор со три светла и преминување на улица каде има семафор;<br>- Симулација: „Преминување преку пешачки премин";<br>- Драматизација: „Сообраќај регулиран со сообраќаен полицаец" |
| - да знае безбедно да се движи по пат и улица со правилно преминување преку нив;<br>- да стекне чувство на безбедност при движење на улица и пат, барајќи ги обележаните места за премин; | -Движење на улица, пат | - Улица, пат | - Симулација на движењата по улицата, патот и местото за игра во училиштен двор, полигон и др.<br>- Импровизација и драматизација на тема: Каде и како смеам да ја преминам улицата? со акцент на знаците и обележените места за премин преку улица. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги почитува сообраќајните знаци во сообраќајот во реална ситуација;<br>- да препознава собраќајни знаци за пешаци;<br>- да ги познава и почитува основните сообраќајни знаци; | -Сообраќајни знаци | Пешачки премин<br>Патека за пешаци<br>Тротоар<br>Семафор<br>Сообраќајни знаци | -Набљудување и идентификација на сообраќајните знаци на слики, слајдови, макети, филмови и др.<br><br><br>- Цртање, моделирање и изработка на сообраќајни знаци од разни материјали.<br>- Симулирање во училиштен двор, полигон на игри за препознавање и почитување на сообраќајните знаци. |
| - да препознае крстосница и да знае како се преминува;<br>- да знае на крстосница да поминува само на обележан премин; | -Пред крстосница | Крстосница<br><br>- Автомобил<br>- Велосипед<br>- Камион<br>- Автобус | - Набљудување на крстосница.<br>- Симулација во училиштен двор, полигон.<br>- Вежби за преминување на крстосница.<br>- Импровизација и драматизација за опасноста што може да се случи ако се помине неправилно. |
| - да ги продлабочи знаењата за видовите на сообраќајни средства;<br>- да воочува сличности и разлики на различните сообраќајни средства;<br>- да ја разбере разликата помеѓу различните сообраќајни средства. | -Патуваме | | - Илустрации, цртање, гледање слајдови, слики, примена на ИКТ и др.<br>- Цртање, боење, моделирање на сообраќајни средства (велосипед,автомобил, велосипед, камион, автобус). |

## ТЕМА: МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ (ориентационо 15 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикнува да го запознае местото во кое живее (село, град);<br>- да ги прошири знаењата за поважните особености на местото во кое живее (град, село, населба);<br>- да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина;<br>- да се запознава со позначајните природни убавини;<br>- да се запознае со објектите-обележја за распознавање на селото/град;<br>- да ја именува својата татковина, да ги препознава знамето и химната;<br>- да се поттикнува чувство на припадност и љубов кон својата татковина. | -Местото во кое живеам<br><br><br><br><br>-Непосредна околина<br><br><br><br><br><br><br>-Македонија - мојата татковина | -Град, село<br><br>- Пошта<br>- Амбуланта<br>- Средства за работа<br>- Работна облека<br>- Стари градби, носии, стари предмети, музеј, играчки во минатото<br>- Татковина, знаме, химна (повторување)<br>- Пазар,<br>- Полициска станица,<br>- Планини, езера, реки | - Учествува во организирани прошетки во околината, набљудува, разговара, црта објекти што ги познава.<br>- Илустрации: „Еден ден во амбуланта”; „Поштар”.<br>- Посетува и набљудува вработени во пошта, амбуланта, а потоа ги црта нивните средства за работа.<br>- Практична имитација и презентација: „Амбуланта”.<br>- Ја слуша химната на Република Македонија, го разгледува и илустрира македонското знаме.<br>- Го изговара името на сопствената држава.<br>- Го изговара името на сопствениот град.<br>- Ги пишува имињата на државата и градот.<br>- Прошетки, набљудување во околината.<br>- Изработка на албум со фотографии од своето место на живеење, примена на ИКТ.<br>- Прошетки во непосредната околина.<br>- Посета на објектите.<br>- Цртање и боење на објекти.<br>- Сечење и лепење слики и илустрации.<br>- Читање приказни и легенди, слушање народни песни и ора.<br>- Организирани посети и работилници.<br>- Разговори, собирање и разгледување на проспекти, разгледници, фотографии.<br>- Изработка на албуми и паноа, примена на ИКТ, разгледување на ЦД „Убавините на Македонија”. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- ***Насоки за меѓупредметно поврзување***

Наставата по предметот *запознавање на околината* за учениците со аутизам во второ одделение претставува основа за воведување и развивање на свеста и претставата за отворената животна средина, нивното место во неа, односот меѓу партиципиентите во неа и законите кои важат во односот меѓу луѓето и природата. Знаењата и вештините што учениците треба да ги усвојат ќе им овозможат да ги разберат, почитуваат и да ги усовршат основните начела при комуникацијата со околината.

Преку програмското подрачје *„Јас и другите''*, учениците имаат можност да стекнат претстава и свест за сопственото постоење, своето место во групата, односот и правилата во групата со можност за стекнување на самостојност, сигурност во контактот и комуникацијата и развивање на позитивните емоции, однесување и навики. Оваа учебна година тие ќе се запознаат со спецификите кои ги носи староста, зрелоста и младоста како периоди од развојот на човекот. Во програмското подрачје *„Јас во моето училиште''* учениците со аутизам имаат можност да се запознаат и да ги прифатат карактеристиките, условите и ритмот на активности, принципите на однесување во училиштето., заедничките моменти, забави и празнувања. Преку ова програмско подрачје треба да ја прифатат визуелната структура на училницата, средствата и материјалите во неа и да го пронајдат своето место во таа структура. Во рамкте на програмските подрачја *„Јас во мојот дом''* и *„Местото во кое живеам''* ќе можат да се запознаат со карактеристиките на домот во кој живеат (изглед и простории во домот), членовите од семејството (нивното место и односи во домот), роднините и роднинските врски (сестра, брат, мајка, татко) предметите во домот и начинот на однесување во него. Исто така, тие имаат можност да ја усвојат местоположбата на својот дом во местото во кое живеат, патот до својот дом, поважните обележја во местото каде што живеат.

Во рамките на програмските подрачја *„Јас и природата''* и *„Јас во сообраќајот''* учениците со аутизам, преку набљудување и истражување, треба да ја запознаат природата и нејзините „жители", односите помеѓу нив и да развиваат позитивни чувства при престоите во природа. Преку набљудување и практично увежбување и усовршување треба да се запознаат со основните начела на сообраќајот во својата околина, сообраќајните средства, правилата за однесување во сообраќајот. Оваа учебна година оваа наставна програма е проширена со содржините од подрачјето *„Јас истражувам"*, каде учениците ќе имаат можност да се запознаат со основните материјали од природата како вода, воздух, светлина, камен, песок и друго, нивните карактеристики и односите меѓу нив.

Преку реализацијата на содржините од предметот учениците со аутизам ја јакнат самодовербата за комуникација и размена со околината, ги развиваат работните навики и позитивните емоции, ги развиваат перцепциите (особено визуелната и тактилната), ориентацијата во просторот и времето, свеста за себе (како поединец, во група и во животната средина).

Сите овие знаења кои ги предвидува наставата по предметот запознавање на околината учениците треба да ги усвојат по пат на непосреден контакт на наставникот, индивидуален и групен пристап и првично врз основа на дефектолошкиот

психомоторен пристап (кои се базираат на постулатите на играта, забавата, најблискиот отворен пристап од страна на ученикот, конкретната визуелизација).

Според наставниот план за предметот запознавање на околината во второ одделение се планирани по 3 часа неделно, односно 108 наставни часа годишно.

При реализацијата на предметот треба се постигне корелација и интегрирање со сите предмети кои се изучуваат во второ одделение од деветолетката, со најголем акцент врз предметите ликовно образование, музичко образование и македонски јазик.

Најголемо поврзување сопредметот ликовно образование се сретнува при ликовното претставување-цртање на веќе стекнатите и усвоени знаења за поими и појави од *сите* програмски подрачја, цртање на (моето другарче, моето училиште, мојата училница, мојот дом, предмети од мојот дом, моето семејство, местото во кои живеам, цртање на различни предмети и појави од природата, животни и сообраќајни знаци и средства).

Најголемо поврзување со предметот музичко образование се постигнува при реализацијата на целите кои покрај физичката, практичната и вербалната, бараат и музичка поткрепеност и увежбување на содржините, посебно од програмското подрачје *„Јас и другите"* преку пеење детскиеснички кои во својот текст вклучуваат именување на делови од телото. Во однос на редењето и броењето на предметите од околината и нивно претставување со број, поврзување се сретнува и со предметот математика.

Со предметот македонски јазик се сретнува потреба од поврзување во делот на вештината за пишување и читање на имињата на предметите и појавите, од *сите* програмски подрачја, вербалното именувањето на предметите при поврзување на предметот со збор итн..

Потребно е при реализацијата на целите и наставните содржини, од страна на наставникот да се изготвуваат ***неделни индивидуални планови*** за целите и содржините кои треба да се реализираат, а на крајот од неделата да се направи индивидуална евалвациона постапка за секој ученик поединечно поткрепена со ***индивидуален евалвационен извештај***.

- ***Препораки за користење на годишниот фонд на часови:***
- За секое предвидено подрачје предложен е определен годишен фонд на часови. Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја, дозволени се отстапувања во согласност со *можноста на ученикот за усвојување на одредени конкретни цели*, па се користат часови од вкупниот фонд на останатите програмски подрачја.

***Методи, форми и средства на наставната работа***

За сите програмски подрачја, предвидени за предметот запознавање на околината во наставата за учениците со *аутизам*, се препорачува користење и нужно комбинирање на сите ***конкретни*** **интерактивни, актуелни и современи** методи, форми и дидактички и технички средства на наставна работа. Посебен приоритет да се стави на дефектолошките методи и приоди предвидени со начелата за третман за ученици со аутизам (Belgrade integrative method, SMM method, Lowaas method, Teach method, Montesorri method, Daily threatment method,, Holding approach method, Highashi method, ABBA method итн.), кои се

применуваат по принципот: *Одреден конкретен метод да биде избран според индивидуалната конкретна потреба на ученикот, и да се примени во толкава мерка колку на ученикот му е потребна за усвојување на конкретна одредена содржина, ниту повеќе, ниту помалку.* Во наставата со учениците со аутизам, главно место треба да заземаат и **методот на игра, методот на решавање проблеми и откривачкиот (истражувачкиот) метод** како основни во воспоствување на примарната врска на ученикот со аутизам со новиот наставен реалитет.

- ***Индивидуален приод во наставната работа***

Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, потребно е приспособување на наставната работа, потребна е примена на техники и стратегии кои го преферираат **индивидуалниот приод** во реализацијата на наставната работа со учениците.

- ***Вклучување на родителите во наставната работа***

Семејството претставува примарана образовно-тераписка средина на децата и најважен фактор во детскиот развој. Во тој контекст, во реализацијата на целите, содржините и активностите од наставниот предмет треба да се обезбеди **кооперативна комуникација со родителите на учениците и нивно вклучување во работата на училиштето,** во функција на: практицирање и увежбување на одредени програмски содржини во домашна/семејна средина што ученикот ги стекнал во училиште, информираност на родителот за текот на развојот на ученикот, соработка со наставникот, унапредување на образовниот систем во образованието на ученикот.

- ***Наставни средства***

- За реализација на наставната работа по предметот **може да се користи секој дидактички материјал** одобрен од страна на министерот (учебници, работни тетратки, прирачници, логички игри, наставни ливчиња, помошни средства за учење на држење на молив, сликовници со тематика од програмските подрачја на предметот, илустрации и др.).
- **Извори на учење во непосредната околина**: ресурсите од окружувањето кои ќе се набљудуваат, објекти од културен, едукативен, јавен и услужен вид (продавница, кино, театар, библиотека, автобуска станица и сл.), комуникациски и односни ситуации меѓу луѓето во училиштето, во семејството и во окружувањето, училиштна средина, природна средина (излети, прошетки), средина каде што се одвива сообраќај.
- **Енциклопедии за деца во издание на популарни и верифицирани издавачки куќи** со тематика од предметот.
- **Компјутерски образовни софтвери** за богатење на говорните способности- **толкид-програмата и други верифицирани мултимедиски ЦД-РОМ- ови** со соодветни едукативни игри – потврдени од Министерството за образование и наука на РМ.
- **Традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста.**

- **Литература за деца од познати македонски и странски детски писатели (која содржински, естетски и вредносно одговара на возраста на учениците)** кои одговараат на содржините од предметов.
- **Аудиовизуелни, аудитивни, визуелни средства и средства со кинетички својства:** ТВ-програми, детски емисии, анимирани и играни филмови за деца со математички содржини; видеокасети, ДВД и ЦД-дискови со анимирани содржини за пејзажи, училиште, мојот град, мојот дом, сообраќај; аудиоснимки со снимени изговори на поимите од содржините на предметот; апликации, слики, макети; подвижни предмети со звучни ефекти и други предмети во зависност од потребите на предметот.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, во текот на учебната година наставникот врши и евалуација на наставниот процес, ефикасноста на наставата и развојот на учениците, како и на општата состојба на комуникацијата на учениците со аутизам (батерија тестови за евалвација на деца со аутизам).

***ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Во текот на наставата во второ одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, тетратки, цртежи, снимени материјали со презентација на знаењето и однесувањето на учениците во природа, училиште, домот... и сл.) за секој ученик посебно;.
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациски листи за секој ученик, кои се пополнуваат по секоја негова конкретна активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;.
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно. Во нив, наставникот внесува **податоци за постигнувањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по Запознавање на околината (когнитивно-интелектуален, социоемоционален, социјален и психомоторички аспект).
  ***Евалвациските листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на нивото на прво одделение и не се преодни за повисокото одделение.***

***МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

*На крајот од второто тромесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативното оценување кое се претставува со* ***микросумативен извештај/ оценка за ученикот****.*

***СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување, наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

***ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО***

- Портфолиото во текот на целата година треба да им е достапно на родителите за да може и тие да придонесат во квалитетната реализација на наставата по предметот Запознавање на околината.
- Завршната, аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

***НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во согласност со природата на програмата по предметот запознавање на околината во второ одделение за учениците со аутизам во која се става акцент на поттикнувањето и развојот на претставата и свеста за себе и сопственото тело, за себе во групата, домот, сообраќајот и во отворената средина, окружувањето и секојдневието, проверувањето и оценувањето се врши: усно, практично, со помош на практично извршување на одредени задачи, периодично следење, споредување на усвоеното знаење со контролен период итн.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по запознавање на околината во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *запознавање на околината* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам ја донесе

-----------------------------------------
Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје, ---------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2013/2
27.03 2009 год.
СКОПЈЕ